**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 74 став (10) и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на xx април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗИРАН ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје се издава лиценца за вршење на енергетска дејност управување со организиран пазар на електрична енергија.
2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност управување со организиран пазар на електрична енергија е дадена во Прилог, којштo е составен дел на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Максим Горки" бр.12 Скопје-Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 19 јуни 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поднесе Барање за промена на лиценцата за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија, УП1 бр. 12-1409/25 од 19 јуни 2025 година (во натамошниот текст: Барање). Во Барањето ја наведе потребата од донесување на нова одлука за издавање на лиценца од страна на Регулаторната комисија за енергетика за вршење на енергетската дејност управување со организиран пазар на електрична енергија, а согласно член 74 став (10) од Законот за енергетика*.

Согласно член 74 став (10) од Законот за енергетика* на носителот на лиценца за вршење на дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија му се издава и лиценца за вршење на дејноста управување со организиран пазар на електрична енергија.

Согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, носителите на лиценците за вршење на енергетска дејност издадени до денот на влегувањето во сила на законот, се должни во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на законот, до Регулаторната комисија за енергетика да поднесат барање за промена на лиценцата согласно одредбите од законот.

Согласно член 297 став (3) од Законот за енергетика*, лиценците за вршење на енергетска дејност кои се променети согласно член 297 став (2) од Законот за енергетика*, продолжуваат да важат до истекот на рокот на важноста на лиценците.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека при усогласувањето на лиценцата со одредбите од Законот за енергетика* е потребно да се издвојат дејностите на досегашниот вршител на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија, односно постоечката лиценца да се усогласи со дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија со билатерални договори а за дејноста управување со организиран пазар на електрична енергија да се донесе нова лиценца.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба и техничките податоци во лиценцата, Регулаторната комисија за енергетика достави до Друштвото Барање податоци за издавање на лиценца за управување со организиран пазар на електрична енергија УП1 бр. 12-1409/25 од 24 март 2026 година со која побара од Друштвото да достави податоци, информации и документација за основните средства преку кои ќе се врши дејноста.

На 25 март и 15 април 2026 година Друштвото ги достави бараните податоци и информации, меѓу кои и Договор за јавна набавка за услугите платформа за тргување и платформа за клиринг и порамнување за пазарите на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден.

Регулаторната комисија за енергетика изготви предлог - одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност управување со организиран пазар на електрична енергија, која, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-xxxxx/1 од xx април 2026 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на xx април 2026 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на xx април 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 74 став (10) и член 297 став (2) и (3) од Законот за енергетика*, донесе Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност управување со организиран пазар на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-1409/25**
**xx април 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

изготвиле: Марија Николовска
Биљана Дуковска Вердел

контролирале: Анастасија Стефановска - Ангеловски
Елена Колевска

одобрил: Enver Elmazi

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**УПРАВУВАЊЕ СО ОРГАНИЗИРАН ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Национален оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. "Максим Горки" бр.12 Скопје-Центар, Република Северна Македонија

2. **Енергетска дејност за која се издава лиценцата**
   Управување со организиран пазар на електрична енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** хх април 2026 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 20 јануари 2030 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ОПЕЕ-1911-2026

6. **Единствен матичен број:** 7309724

7. **Единствен даночен број:** 4080018576790

8. **Вид и обем на енергетската дејност што се врши**
   Оператор на организиран пазар на електрична енергија е друштво кое го организира и управува организираниот пазар на електрична енергија, односно дава услуги за спарување на налозите за продавање на електрична енергија со понудите за купување на електрична енергија.

9. **Подрачје на кое се врши енергетската дејност**
   Носителот на лиценцата може да ја врши енергетската дејност управување со организиран пазар на електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија и странство.

10. **Обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен да:
    - склучува договори со учесниците на организираниот пазар на електрична енергија, со операторот на електропреносниот систем и со другите номинирани оператори на пазари на електрична енергија (во понатамошниот текст: НЕМО) и оператори на електропреносни системи во договорните страни на Енергетската заедница и држави-членки на Европска Унија, со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски, начинот на обезбедување на доверливоста на податоците за трансакциите на пазарот, како и објавувањето на податоците што се неопходни за функционирање на пазарот,
    - врши имплицитна аукција на преносни капацитети,
    - врши креирање криви на понуда и побарувачка на електрична енергија,
    - врши финансиско порамнување со учесниците на организираниот пазар согласно склучените договори и добиените резултати од спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден,

- ја врши функцијата на оператор на пазарно спојување во соработка со други НЕМО,
- ги спроведува барањата за единствено спојување ден однапред и во тековниот ден, барањата за вршење на функцијата на оператор на пазарно спојување и за алгоритамот за ценовно спојување на пазарите и алгоритмите за континуирано тргување, како и сите прашања поврзани со функционирањето на спојувањето на пазарите на електрична енергија,
- ги применува највисоките и најниските цени утврдени на регионално ниво усогласени со највисоките и најниските цени на внатрешниот пазар на електрична енергија на Европската унија,
- обезбедува производите кои се резултат на алгоритамот за пазарно спојување да се изразени во евра и ќе ги референцира на пазарното време,
- обезбедува анонимност и споделување на добиените информации за налозите кои се потребни за вршење на работите на оператор на пазарно спојување на пазарот ден однапред и во тековниот ден,
- ги оценува резултатите кои се добиени при пазарното спојување и доделува налози врз основа на тие резултати, ги потврдува како конечни резултатите кои се сметаат дека се точни, доставува известување за тие резултати до сите оператори на електропреносните системи, изведувачи на координираната пресметка на капацитети и сите НЕМО во зоната на наддавање, како и презема одговорност за тие резултати,
- ги известува без одлагање учесниците на пазарот за резултатите од нивните налози,
- дејствува како централна договорна страна за финансиско порамнување и плаќање во размената на електрична енергија која е резултат на единственото спојување ден однапред и во тековниот ден, во согласност со соодветните методологии кои се применуваат на внатрешниот пазар на електрична енергија во Европската Унија,
- доставува до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија информации за настанатите и предвидените трошоци во врска со единственото спојување ден однапред и во тековниот ден, при што надоместувањето на трошоците на НЕМО за воспоставувањето, работењето и промените во работењето на спојувањето на пазарот ден однапред и на пазарот во тековниот ден се вклучува во тарифата за тргување на организираниот пазар на електрична енергија,
- секоја година, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, одлучува за износот на надоместокот за регистрација и го објавува на својата веб- страница,
- дејствува како агент за испорака,
- обезбедува информации и предвидување за трошоци за спојување на пазарите на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден за соодветните регулаторни тела и оператори на преносни системи, при што трошоците на НЕМО за воспоставување, измена и управување со спојувањето на пазарите на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден се подмируваат од страна на засегнатите оператори на преносни системи,
- востанови договори кои засегаат повеќе од еден НЕМО во рамките на една зона на наддавање, спроведува спојување на пазарите на електрична енергија ден однапред и во тековниот ден, согласно постигнатите договори и во координација со операторите на преносните системи, доколку е применливо,
- донесува правила за работа на организираниот пазар на електрична енергија по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија,
- доставува податоци и информации согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,

- води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- да доставува известувања за сите околности, настани и промени коишто имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- да овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци.

**11. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работењето во претходната година согласно правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија.

**12. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**13. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**14. Основни средства преку кои ќе се врши дејноста:**

**14.1** Операторот на организиран пазар на електрична енергија има обезбедено платформа за тргување со електрична енергија, која ќе се применува на пазарот ден однапред:

- со вграден алгоритам ЕУФЕМИЈА кој ќе врши аукциско тргување со електрична енергија,
- компатибилна на европските берзи на електрична енергија,
- конфигурацијата на платформата е да работи на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија како и со другите пазари со кои ќе се изврши спојување,
- бројот на корисници кои ќе тргуваат со електрична енергија е неограничен,
- нема ограничување на минимална и максимална количина на електрична енергија со која ќе се тргува на пазарот ден однапред,
- платформата овозможува:
  а) прием на налози и затварање на налози,
  б) процес на усогласување на налозите и пресметка на цената на електричната енергија,
  в) процес на објава на резултатите од тргувањето,
  г) користење на различни видови на налози,
  д) примена на стандарден часовен налог,
  е) примена на стандарден налог за блок трансакции,
  ж) примена на налог за голема блок трансакција,

з) примена на налози за поврзани блок трансакции,
и) примена на налози за блок трансакции во ексклузивна група.

**14.2** Операторот на организиран пазар на електрична енергија исто така има обезбедено и платформа за тргување со електрична енергија наменета за примена на пазарот во тековниот ден:

- со вграден алгоритам за спарување на налози во изолиран и поврзан режим на работа на пазарот во тековниот ден кој поддржува континуирано спарување по однос цена-време на поднесените налози,
- компатибилна на европските берзи на електрична енергија,
- конфигурацијата на платформата е да работи на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија, како и со другите пазари со кои ќе се изврши спојување,
- бројот на корисници кои ќе тргуваат со електрична енергија е неограничен,
- нема ограничување на минимална и максимална количина на електрична енергија со која ќе се тргува на пазарот ден однапред,
- платформата овозможува:
  а) прием на налози и затварање на налози,
  б) процес на усогласување на налозите и пресметка на цената на електричната енергија,
  в) процес на објава на резултатите од тргувањето,
  г) користење на различни видови на налози,
  д) примена на стандарден часовен налог,
  е) примена на стандарден налог за блок трансакции,
  ж) примена на налог за голема блок трансакција,
  з) примена на налози за поврзани блок трансакции,
  и) примена на налози за блок трансакции во ексклузивна група.

**14.3** Операторот на организиран пазар на електрична енергија има обезбедено апликативен софтвер за клиринг и порамнувањето кој ќе врши:

- изготвување и издавање на фактури,
- извештаи за трансакции,
- извештаи за приходи остварени во моменти на преоптовареност на прекугранични капацитети,
- фактури за негативни цени,
- кредитни одобренија,
- управување со минимални депозити и банкарски гаранции,
- поддршка за тргување во евра и други валути,
- минимална и максимална постигната цена врз база на принципот на заокружување и друго.

**14.4** Операторот на организиран пазар на електрична енергија има обезбедено соодветна компјутерска опрема.